**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09 – 517/3
26.06.2024 година
Скопје

| **СЕПУГС „Арсени Јовков“ – Скопје** | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 17, 18, 19 и 22.04.2024 година |
| **Број на извештај:** | /Скопски /2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Afrim Saliu |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно училиште |
| **Подрачни/ дисперзирани паралелки** | / |
| **Основач на училиштето:** | Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик<br>Албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 880 |
| **Полова структура на ученици:** | 459 машки и 421 женски |
| **Број на наставници:** | 101 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ганимете Речи Бислими |
| **Вд Директор на училиштето:** | Блерим Зекири |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11 до 15.02.2019 год. |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.Ќемал Сејфула бр.35, Скопје - Бутел |
| **Телефон:** | 2611-195 |
| **Факс:** | 2611-195 |
| **e-mail:** | arseni_jovkov2004@yahoo.com |
| **Веб страница** | www.arsenijovkov.edu.mk |
| **Оценка ИЕ** | Делумно задоволува (2,45) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција на 17, 18, 19 и 22.04.2024 година, тим од

тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СЕПУГС „Арсени Јовков“ – Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоци за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која што беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во СЕПУГС „Арсени Јовков“ – Скопје се оценува со **делумно задоволува (2,45)[1].**

Наставата во Средното економско правно училиште на Град Скопје „Арсениј Јовков“ – Скопје се реализира врз основа на наставни планови и програми за техничко четиригодишно модуларно образование, сектор/струка: економија право и трговија со следните образовни профили/квалификации:

-економски техничар од прва до четврта година,

-правен техничар од прва до четврта година,

-бизнис администратор од прва до четврта година

-техничар за е-трговија и дигитален маркетинг во прва година (во 1 паралелка со албански наставен јазик). Наставата во наведените образовни профили се изведува на македонски и албански наставен јазик.

Во училиштето се реализира: општо образование со општо образовни модули и модули значајни за одредена квалификација, стручно образование со задолжителни стручни модули (теорија и вежби) и со изборни модули (теорија и вежби), практично образование со Учење преку работа кај работодавач (во трета и четврта година) и феријална практика (во прва, втора и трета година), содржини програмирани од училиштето (во сите паралелки), дополнителна и додатна настава, како и подготвителна и консултативна настава (за учениците во завршната година) според интересот на учениците.

Училиштето ги информира учениците и родителите со наставните планови и програми кои се реализираат и тоа на родителските средби на почетокот од учебнта година, социјални мрежи-вибер, Совет на родители и објаснувања од страна на наставниците со учениците, како и преку Веб страницата на училиштето.

Во училиштето се планираат и реализираат Содржини програмирани од училиштето кои овозможуваа стекнување знаења и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој и се одобрени од ЦСОО: Светско наследство во раце на младите во прва година, Подготовска за вработување и работа во трета година, Управување со проектен циклус и Еко бизнис и одржлив развој во четврта година, Ученичка компанија – претприемничка практика и планирање на кариера во втора година.

Учениците со физичка попреченост се вклучени во наведените програмирани и содржини. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол, наставни јазици, по образовни профили, етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди и по паралелки. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Среден успех на училишно ниво во последните три учебни години е добар (2020/21 е 3,16; 2001/2022 е 3,22 и 2022/23 е 3,12). Значајни отстапувања, нема. Успехот на учениците од правна струка, економска и бизнис администратор е континуирано добар и значајно не се разликува. Во училиштето нема ученици кои се осипуваат. Но, бројот на ученици кои се запишуваат опаѓа особено во паралелките со македонски наставен јазик.

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
Не задоволува,
Делумно задоволува,
Добро и
Многу добро.

Наставниците ретко употребуваат современи методи во наставата. Мал број од посетените часови кај наставниците по стручни предмети се интерактивни со примена на разновидни форми и методи. Кај дел од наставниците, на часовите е застапено добро поучување со вклучување на учениците иако во планирањето изостанува или несоодветно е планирано. Застапеноста на разновидни форми делумно задоволува. Најчесто се работи фронтално. Групната работа се практикува почесто на часовите по стручни предмети.

Најголем број наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање, без притоа да се прават разлика помеѓу учениците по пол, социјално и етничко потекло. Наставниците применуваат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик.

При реализација на учење преку работа кај работодавач, учениците водат дневници за евидентирање на активностите, а одговорните лица кои реализираат практична обука водат досие за секој ученик. Учениците имаат позитивни искуства од примената на овој вид учење и сметаат дека имаат можност да го осознаат работниот процес непосредно.

Голем број наставници водат сметка за воспитната компонента во наставата и животот во училиштето, во правец на градење на другарство, емпатија, солидарност, тимска соработка, почитување на другиот и др. Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Најразличните иницијативи најчесто се прифатени и поттикнати на реализација.

Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценките се утврдуваат на секој класификационен период за време на класните и наставничките совети.

Оценувањето се врши на усни и писмени одговори, преку изработка на контролни работи, писмена работа, тестови, изработка на проекти и други изработки на ученици. При учење преку работа во досие на ученикот се вреднуваат и оценуваат активностите на учениците кај работодавците од страна на одговорниот наставник и менторот одреден во фирмата.

Училиштето редовно ги известува родителите за постигнатиот успех на нивните деца. За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби, индивидуални средби со предметните наставници на приемен ден и на сопствена иницијатива и барање. Сите родители имаат можност за увид во постигањата преку е-дневникот. Наставниците комуницираат со родителите и преку социјалните мрежи.

Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Во училиштето, има физичко обезбедување од агенција, финансирано од основачот. Во училиштето се спроведуваат редовни дежурства од страна на наставниците и учениците. Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени.

Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Стручните соработници се обучени за давање помош на учениците и родителите во вакви ситуации и истите по потреба даваат насоки за посетување на соодветни надлеџни институции.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. При избор на наставниот кадар нема родова, етничка или друга дискриминација. Наставата во училиштето ја реализираат 101 наставник, кои се вработени во училиштето и 3 наставници кои дополнуваат во училиштето, а се вработени со матичност во други училишта.

Наставниците работат како тим во рамки на стручните активи. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето користи механизми за обезбедување замена, но надлежните инстутуции навремено не обезбедуваат согласности за ангажирање на заменски наставници.

Мал дел од наставници и стручните соработници, се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Во училиштето после секоја обука, постои практика да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници и стручни соработници.

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведена под бр.03-1828/5 од 06.10.2023 г. Годишната програма за работа на училиштето заведена под бр.02-1551/1 од 31.08.2023 година содржи посебна програма за работа на Училишниот одбор. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во 2023 година има реализирано обука за членовите на училишниот одбор, за што сведочат и добиените сертификати од истото. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето. Самиот претседател на училишен одбор е правник по професија, додека за сите останати прашања од областа на образованието соработката е остварена од раководниот орган и стручната служба.

Раководен орган во училиштето е Вршител на должност Директор со Решение бр.03-127/1 од 25.01. 2024 година на Градоначалникот на Град Скопје, со претходно искуство за в.д. директор од 6 месеци. Се уште не е започната постапката за избор на директор на училиштето. Истиот поседува Уверение бр.11-110/3 од 20.02.2024 година за положен испит за директор.

За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Директорот има добра соработка со вработените, користи различни идеи и искуства во спроведување на активностите. Работењето е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор. Соработката со Градот Скопје е на делумно задоволувачко ниво.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа на училиштето заведена под бр.02-1551/1 од 31.08.2023 година и усвоена од Училишниот одбор. Самоевалуација на училиштето бр.02-1639/1 од 31.12.2021 година ги опфаќа учебната 2019/20 и 2020/21 година и истиот е изготвен согласно индикаторите. За период 2021/22 и 2022/23 нема извршено самоевалуација. Започнато е постапка за спроведување на Самоевалуација со Одлука бр.03-381/1 од 11.03.2024 година и истото е во тек.

Програмата за развој на училиштето со дел.бр. 03-1667/1 од 30.09.2022 година опфаќа 4 години, односно 2022 – 2026 година. Истиот е усвоен од Училишен одбор со Одлука бр.03-371/6 од 07.03.2024 година. Училиштето има Статут заведен под бр.03-684/1 од 04.04.2019 година и истиот има согласност од Министерството за образование и наука на РСМ заведен под УП1 бр.18-602 од 11.04.2019 година.

Во училиштето со Одлука бр.03-404/1 од 02.03.2022 година, формиран е инклузивен тим, составен од пет члена. Инклузивниот тим во континуитет соработува со родителите на децата и истите ги вклучува при изработка на Индивидуалните образовни програми и го следи напредувањето на учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Арсени Јовков Скопје“ со деловоден број во Централен регистар 30120140037819 од 21.01.2015 година. Клубот е активен во кошарка, одбојка и фудбал.

Училиштето има партнер училиште за соработка. Има Меморандум за соработка со СОУ„Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија заведен со бр.03-2120/1 од 17.11.2023 година. Има изготвено план за реализација на активности од меѓуетничка интеграција на младите за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го

постигнуваат преку меѓусебна реализација на проектот во рамките на МИО и воннаставни активности.

Училиштето има Кодекс за однесување, во кои се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, на наставниците и стручните соработници и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

## Карактеристики на училиштето

Средното Економско Правно Училиште на Град Скопје „Арсени Јовков“ – Скопје е основано со Решение бр.385 од 03.11.1964 година на Собранието на Општина Кале. Со наведеното решение основано е средно економско училиште со име „Моша Пијаде“ на подрачјето на Општина Кале, во месноста „Пајко Маало“ во Скопје.

Училиштето е верифицирано од страна на Министерството за образование и наука на РСМ со Решение УП1 бр.13-744/9 од 10.06.2020 година за реализација на наставниот план и наставните програми за образовен профил/квалификација економски техничар од економско-правна и трговска струка/ сектор економија, право и трговија за техничко образование. Решение УП1 бр.13-744/10 од 10.06.2020 година за реализација на наставниот план и наставните програми за образовен профил/квалификација бизнис администратор од економско-правна и трговска струка/ сектор економија, право и трговија за техничко образование. Решение УП1 бр.13-744/11 од 10.06.2020 година за реализација на наставниот план и наставните програми за образовен профил/квалификација правен техничар од економско-правна и трговска струка/ сектор економија, право и трговија за техничко образование.

СЕПУГС „Арсени Јовков“ – Скопје има својство на правно лице стекнато со уписот во Централен регистар на Република Северна Македонија под ЕМБС 4062671. Наставата се реализира во две смени и се одвива на Македонски и Албански наставен јазик.

Училишната зграда е од тврда градба на три нивоа (подрум, приземје, кат 1 и кат 2) со површина на објектот од 7033 $м^2$ (со последната проценка на недвижен имот извршен од град Скопје бр.1380-2023 оф 15.11.2023 г.), како и површина на спортски терен и игралиште со вкупна површина од 1750 $м^2$ . Училишната зграда располага со 28 училници, 8 кабинети, 1 фискултурна сала, 1 работилница, 1 библиотека, помошни простории има 8, канцеларии 11, санитарни јазли за ученици 9, санитарни јазли за наставници 2, котлара 1 и потстаница и 1 просторија за технички персонал, како и 2 скривници. Училиштето се загрева на централно градско греење. Училиштето располага со 9 хидранти и 18 ПП – апарати сервисирани на ден 22.05.2023 година. Има громобранска инсталација со 28 мерни места кои се во функција. Истите се сервисирани и изготвен е стручен Извештај бр.04/23 од 22.05.2023 година.

Во СЕПУГС „Арсени Јовков“ – Скопје во учебната 2023/24 година вкупно се запишани 880 ученици од кои 459 машки и 421 женски, распределени во 42 паралелки.

Во училиштетот наставниот процес го реализираат 101 наставника. Од нив според образовниот профил 2 наставници се со завршени магистерски студии, 98 се со високо образование и 1 е со средно образование. Од 100 наставника со високо образование, од нив 94 се соодветни за во настава и 6 се несоодветни.

Според полот 78 наставници се од женски пол и 23 наставници се од машки пол, според етничката припадност 40 наставника се Македонци, 60 наставника се Албанци и 1 Влах. Од наставниот кадар 3 наставника дополнуваат часови од друго училиште. Од вкупниот број на наставници 1 е приправник. Училиштето за наставник приправник има назначен наставник ментор од друго училиште. Наставникот ментор го следи работењето на приправникот. Во училиштето има директор, тројца помошници директори (двајца помошници се за во настава на албански јазик и еден помошник за настава на македонски јазик) и секретар, а од стручната служба има 1 психолог, 3 педагози (од кој 2 се со полно работно време и 1 е со неполно вработно време) и 1 библиотекар.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1. Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во Средното економско правно училиште на Град Скопје „Арсениј Јовков“ се реализира врз основа на наставни планови и програми за техничко четиригодишно модуларно образование, сектор/струка: економија право и трговија со следните образовни профили/квалификации:

-економски техничар од прва до четврта година,

-правен техничар од прва до четврта година,

-бизнис администратор од прва до четврта година

-техничар за е-трговија и дигитален маркетинг во прва година (во 1 паралелки со албански наставен јазик).

Реализацијата на наставните планови и програми е отежната за неколку од наставните предмети во мал број паралелки: информатика (во една паралелка), финансиско работење (во две паралелки) и содржини програмирани од училиштето (една паралелка). Ова се должи на незаинтересиранот на наставен кадар да се пријават на конкурс и неможност да се добие согласност од основачот (менување на основ за финансирање). Во училиштето се реализира: општо образование со општообразовни модули и модули значајни за одредена квалификација, стручно образование со задолжителни стручни модули (теорија и вежби) и со изборни модули (теорија и вежби), практично образование со Учење преку работа кај работодавач (во трета и четврта година) и феријална практика (во прва, втора и трета година), содржини програмирани од училиштето (во сите паралелки), дополнителна и додатна настава, како и подготвителна и консултативна настава (за учениците во завршната година) според интересот на учениците.

Училиштето ги информира учениците и родителите со наставните планови и програми кои се реализираат и тоа на родителските средби на почетокот од учебнта година, социјални мрежи-вибер, Совет на родители, и објаснувања од страна на наставниците со учениците. Веб страницата на училиштето.

Во тековната учебна година во редовната настава се вклучени 2 ученика со посебни образовни потреби со физичка попреченост. Училиштето има пристапна рампа и лифт со што е овозможено непречено движење низ училиштето.

Изборот на предмети од листата на изборни предмети во наставните планови се врши според утврдените насоки од Центарот за стручно образование и обука. Учениците од втора година, на крајот од учебната година самостојно избираат еден изборен модул кој содржи 2 предмети од листата на изборни модули кои треба да ги изучуваат во трета и четврта година. Постапката за избор на предмети се почитува во целост, а во претходниот период учениците се информирани за програмите на понудените модули и содржини.

Во училиштето се планираат и реализираат Содржини програмирани од училиштето кои овозможуваа стекнување знаења и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој и се одобрени од ЦСОО: Светско наследство во раце на младите во прва година, Подготовска за вработување и работа во трета година, Управување со проектен циклус и Еко бизнис и одржлив развој во четврта година, Ученичка компанија – претприемничка практика и планирање на кариера во втора година.

Учениците со физичка попреченост се вклучени во наведените програмирани и содржини.

## 1.2. Квалитетот на наставните планови и програми

Во Годишната програма за работа на училиштето опфатени се елементи за квалитетно остварување на воспитно-образовната работа. Во текот на планирањето и реализицијата на наставата, ретко се интегрираат карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми. Постојат примери на интегрирање на меѓупредметни цели, како развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и друго.

Училиштето во изминатата година има покренато иницијатива за воведување на нов образовен профил - техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, кој од оваа учебна година е застапен во прва година во една паралелка со албански наставен јазик, како и иницијатива за асистент деловен администратор кој е застапен во конкурсот за упис на ученици за следата учебна година (по една паралелка на двата наставни јазици).

## 1.3. Вонннаставни активности

Во Годишната програма за работа на училиштето планирани се воннаставни активности. Во воннаставните активности се вклучени заинтересирани ученици, без разлика на пол, етничка и социјална припадност како и вклучување на ученици со физичка попреченост. Училиштето планира и реализира мал број воннаставни активности. Во училиштето активно работат:спортски секции и црвен крст. Вклучувањето на учениците е по сопствен избор и личен афинитет.

Училиштето реализира проекти во вид на посети (затвор, влада, парламент, судови, народна банка, берза и сл.), организирање на дебати, симулации на судења, Програма за средношколци за социјални иновации, одбележување на значајни датуми, организирање на хуманитарни хепенинзи, работа во виртуални компании (рециклирање, изработки на ракотворби, мода и др.), поетско читање, соработка со здруженија со лица со попреченост и др. Учениците со наставник по англиски јазик имаат учество во проектот преку Еразмус - ЈУБУК за младите луѓе во светот на миграцијата (во Турција), работилници за правата на децата и др.

Учениците учествуваат во натпревари и имаат добиено сертификати за освоено прво место на Олимпијада за економисти а потоа и учество на меѓународна олимпијада, прво место на литературен натпревар,поголем број освоени места во различни спортови и др.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Арсени ЈовковСкопје“ со деловоден број во Централен регистар 30120140037819 од 21.01.2015 година. Клубот е активен во кошарка, одбојка и фудбал.

За реализација на активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, училиштето има обновен склучен меморандум за соработка бр. 03-2120/1 од 17.11.2023 година со партнер училиште СОУ„Јосиф Јосифовски“ Гевгелија. Во текот на оваа учебна година реализирани се поголем број заеднички наставни часови и активности, заедничка екскурзија во Струга и Охрид, спроведени се еко акции и др. Училиштето има добиено грант од МОН во вредност од 30 000 денари.

# 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол,наставни јазици, по образовни профили, етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди и по паралелки. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Среден успех на училишно ниво во последните три учебни години едобар (2020/21 е 3,16; 2001/2022 е 3,22 и 2022/23 е 3,12). Значајни отстапувања, нема. Успехот на учениците од правна струка, економска и бизнис администратор е континуирано добар изначајно не се разликува. Во последните три учебни години учениците ја имаат положено државната матура. Има многу мал број ученици (5 редовни и поголемиот број од вонредни ученици) кои имаат положено завршен испит. Нема ученик без диполома. Анализите на постигањата се разгледуваат на наставнички совети.

Учениците се оценети и по поведение. Во трите претходни учебни години од вкупниот број на ученици со примерно поведение оценети се за 2020/2021 – 1054 ученика, со добро поведение оценети се 95 ученика и со незадоволително поведение оценети се 7 ученика, во 2021/2022 со примерно поведение се оценети 844, со добро поведение се 123, со незадовоително се 39 ученика и во 2022/2023 – 730 ученика со примерно, со добро поведение оценети се 77 ученика и со незадоволително 42 ученика.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во претходната учебна година за родителите спроведени се 46 советување по основ на нередовно посетување на настава и намален успех и 2 за несоодветно однесување. Од страна на психологот од вкупниот број на советувања спроведени се голем број индивидуални советувања со ученици за што се води уредна евиденција со насоки за подобрување.Со спроведување на советување во училиштето делумно е зголемена редовноста на учениците. Има примери за незаентересираност од страна на родителите да присуствуваат на советувањата. Од страна на наставниците и стручната служба поединачно се идентификувани причините за намален успех и изостанувањето а тоа е ангажирање на учениците со работни обврски заради обезбедување на егзистенција за семејствата.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, а многу ретко на надарените ученици. Наставниците нередовно реализираат дополнителна и многу ретко додатна настава.

## 2.2. Задржување/ осипување на учениците

Во училиштето најчесто се запишуваат ученици од Скопје и околните села, согласно конкурсот за упис на ученици . Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училиштето нема воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од средно образование во високо образовните установи.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. Просечниот број на неоправдани изостаноци во последните три учебни години се движи од 3,17 до 8 по ученик. Се забележува тренд на зголемено неоправдано изостанување од настава кое се должи на заради избегнување на писмени, одговарање и доцнење на часовите. Има ученици кои се вработени и ги издржуваат семејствата поради старост на родителите. Поголем број од изастонаците според година на образование имаат учениците од 2-ра и

3-та година. Во училиштето нема ученици кои се осипуваат. Но, бројот на ученици кои се запишуваат опаѓа особено во паралелките со македонски наставен јазик.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Учениците дојдени од друга струка полагаат диференцијални испити за што се води уредна документација.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години има 1 ученик што ја повторувал годината и тоа во учебната 2022/2023 година. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има договорени приоди за планирање. Наставниците изготвуваат планирања за наставниот процес пришто добиваат поддршка од страна на стручната служба. Планирањата се разгледуваат од двајца педагози со полно работно време и педагог со половина работно време. Планирањата се проверуваат на почетокот на учебната година и сосоодветни насоки се подобруваат во текот на учебната година. Се изработуваат индувидуално и во соработка со наставници кои реализираат исти

предмети. На стручните активи (шест активи) ретко се врши размена на искуства за подобрување на планирањата. Во училиштето се планираат содржини програмирани од училиштето. Директорот има увид во квалитетот на планирањата.

Годишните, тематски планирања и оперативните планирања на наставни часови на наставниците се изготвени согласно насоките од ЦСОО. Оперативните планирања за реализација на наставен час за стручните предмети се изготвени на унифицирани обрасци. Кај општообразовните предмети, најголем број наставници ги планираат потребните елементи за час, како општи податоци, наставни форми, методи, техники, активности на наставникот и учениците, очекувани исходи, корелација со друг наставен предмет, потребни ресурси, и др. Многу ретко наставниците планираат диференцирани активности за ученици со потешкотии во учењето или надарени ученици.

Нема ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има формирано училишен инклузивен тим. Наставниците имаат планирања за реализација на учење преку работа кај работодавач, како и за дополнителна настава.

Распоредот за реализирање на настава е изготвен од наставник кој интерно конкурира во училиштето секоја учебна година . За сите видови настава училиштето има соодветни распореди при што се земени во предвид просторот, интересот на учениците, кадарот во училиштето и наставен кадар што доаѓа од друго училиште и други фактори. Тројца помошници за настава го организираат целокупниот воспитно обраовен процес, вршат контрола на реализацијата (настава, проекни задачи, родителски средби, процедура за избор на изборни предмети и др.) и правовремено врши соодветни замени при отсуства (долготрајни и инцидентни) на наставници.

### 3.2. Наставен процес

Наставниците ретко употребуваат современи методи во наставата. Мал број од посетените часови кај наставниците по стручни предмети се интерактивни со примена на разновидни форми и методи. Кај дел од наставниците, на часовите е застапено добро поучување со вклучување на учениците иако во планирањето изостанува или несоодветно е планирано. Застапеноста на разновидни форми делумно задоволува. Најчесто се работи фронтално. Групната работа се практикува почесто на часовите по стручни предмети. Излагањата на учениците на крајот од часот најчесто е со читање на сработеното без презентација и забелешки од останатите ученици или од наставниците. Сите групи имаат доволно време да ја презентираат изготвената дадена задача. Голем дел од наставниците соодветно ги насочуваат учениците кон правилни одговори за реализација на поставените цели на часот. Реализацијата во вид на проекти и истражувањата преку интернет ретко се користат. На овие часови се забележува поголема активност на учениците за разлика од часовите каде се работи најголем дел од времето фронтално. Домашните работииако ретко се задаваат, поврзани се со работата на учениците за време на часовите.

ИКТ има во секоја училница со обезбеден лаптоп од наставниците поврзан со статични ЛЦД проектори со постојана интернет мрежа. Има примери кога учениците користат мобилни телефони за пребарување и работа на часот. Поголем број од посетените наставници практикуваат презентации со ЛЦД-проекции кои самите ги приготвуваат. Многу ретко се употребуваат смарт таблите (7 од кои 6 се во функција). Најголем број наставници се изјаснија дека немале обука како да ги користат.

Најголем број наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање, без притоа да се прават разлика помеѓу учениците по пол, социјално и етничко потекло. Наставниците применуваат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик.

Интерактивното реализирање на наставата е застапено кај мал број наставници. На часовите позастапена е интеракцијата наставник-ученик а интеракција меѓу учениците се забележува со примена на групна форма.

Во текот на наставата, учениците се поттикнуваат иретко се пофалуваат.

При реализација на учење преку работа кај работодавач, учениците водат дневници за евидентирање на активностите, а одговорните лица кои реализираат практична обука

водат досие за секој ученик. Учениците имаат позитивни искуства од примената на овој вид учење и сметаат дека имаат можност да го осознаат работниот процес непосредно.

За реализација на часовите Учење преку работа и Феријална практика, училиштето има потпишано Меморандум за соработка со повеќе субјекти: Општина Сарај, Фонд за здравствено осигурување на РСМ, АД МЕПСО, Нотар Ермира Мемети, Правен факултет на Универзитет на Југоисточна Европа, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен завод за ревизија, Општина Чаир, АДВ Александар Петковски, Основен кривичен суд, Нури ДОЕЛ, Управен суд на РСМ, Агенција за катастар за недвижности, Нотар Џеват Бучи, Влад на РСМ, Основен граѓански суд, Ревизиско тело за ревизија на ИПА фондови, Нотар Шабани, Народен правобранител на РСМ, Општина Бутел, ЈП Комунална Хигиена Скопје, АД Жито Лукс, Адвокатска канцеларија Горан Андревски, ТД за канцелариско административни дејности ИНБОКС ДООЛ Скопје и др. (вкупно 60 компании) .

За периодот поминат на обука, се склучува договор за обука меѓу училиштето, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родителот, односно старателот на ученикот.

Седење на наставниот процес е од страна на стручните соработници и директорот. При посета на наставен час се пополнува образец. Има потреба од ревидирање на образецот согласно новините во стручното образование.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Средината во која учат учениците е добра и овозможува добри услови за учење. Уреденоста на заедничкиот училишен простор делумно задоволува и не е уреден со едукативни содржини, содржини од воннаставни активности, без содржини од МИО. Многу е мал бројот на истакнати трудови од учениците.

Учениците само понекогаш учат на интересен начин. Тоа е поврзано и со мал број на кабинети (по информатика, англиски и кабинетот „Правна Клиника“) во која учениците се проактивни. На часовите кои се интрересни учениците се активни, но тоа се мал број на наставници кои реализираат на интересен начин. Содржините кои се применливи и корисни во секојдневниот живот се поприфатливи за учениците. Се вклучуваат со критчко мислење и се охрабруваат да поставуваат прашања и извлекуваат заклучоци. Дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот.

Атмосферата за учење ретко е динамична и работна. Се забележува незаинтересираност. Има ретки добри примери каде наставниците се упорни во раздвижување и мотивирање на часот. Наставниците, презентираат примери од реалниот живот, кои придонесуваат за начинот на кој се учи во училиштето да биде интересен, а со цел учениците да стекнат корисни и трајни знаења. Содржините на часовите по стручни предмети многу често се прикажани преку поврзување на реални ситуации. Застапени се симулации на судења, менаџирање, водење на компании и сл.

Голем број наставници водат сметка за воспитната компонента во наставата и животот во училиштето, во правец на градење на другарство, емпатија, солидарност, тимска соработка, почитување на другиот и др.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Најразличните иницијативи најчесто се прифатени и поттикнати на реализација.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници вршат утврдување на образовните потреби на учениците, но ретко се реализираат диференцирани цели на наставните часови.

Со цел да се постигне максимум кај сите ученици, за време на час, наставниците ретко задаваат диференцирани задачи на учениците со потешкотии во учењето, со соодветна тежина на ученичките активности. Има примери каде наставниците недоволно поучуваат а учениците не можат да ја сработат дадената задача. Ретко се применуваат интерактивни техники на поучување и оценување.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценките се утврдуваат на секој класификационен период за време на класните и наставничките совети.

Поголем број наставници оценувањето на учениците го планираат во тематското планирање и оперативниот план за наставен час. При тоа се применуваат соодветните критериуми и стандарди за оценување. Учениците повремено се вклучуваат во оценувањето, со меѓусебно оценување или самооценување. Во последните три години во училиштето имало мал број приговори за оценка, најчесто за подобрување на општиот успех во вид на молби. Секој приговор е разгледан на наставнички совет и постапено согласно можностите дадени во Закон.

Оценувањето се врши на усни и писмени одговори, преку изработка на контролни работи, писмена работа, тестови, изработка на проекти и други изработки на ученици. При учење преку работа во досие за ученикот се вреднуваат и оценуваат активностите на учениците кај работодавците од страна на одговорниот наставник и менторот одреден во фирмата.

Голем број наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатнанастава. Има примери на многу ниски оценки а учениците недоволно се вклучени во дополнителна настава. Оценувањата ретко се користат за подобрување на планирањата и реализацијата на наставата..

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно ги известува родителите за постигнатиот успех на нивните деца. За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби, индивидуални средби со предметните наставници на приемен ден и на сопствена иницијатива и барање. Сите родители имаат можност за увид во постигањата преку е-дневникот. Наставниците комуницираат со родителите и преку социјалните мрежи.

Родителите се известуваат за постигнатиот успех по наставни предмети на секое тромесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година. Наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации, писмена работа, контролни задачи, тестови и изработени проекти. За постигнатиот успех учениците добиваат евидентни листови и сведителства. Сите наставници кои се најавени, редовно водат е – дневник, од кој родителите можат да ја следат секојдневната настава, оценувањето, изостаноците, слободните ученички активности и други училишни активности. Проблем има кај наставниците кои сеуште не се најавени или постојат грешки од страна функционирањето на е-дневникот.

# 4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат се заштитени, но не се посебно означени. Учениците се свесни за нивното присуство и од страна на наставниците и другите вработени во училиштето, информирани се за можните опасности.

Училиштето располага со ПТТ врска и интернет мрежа, исправна громобранска инсталација, сервисирана и атестирана на ден 25.05.2023 година, за што училиштето поседува Инспекциски извештај бр.04/23 година, 9 хидранти, сервисирани на ден 22.05.2023 година, при што со Записник бр.66/23 година, констатирано е дека хидрантската мрежа не го задоволува потребниот притисок и 18 ПП- апарати, сервисирани и атестирани од овластена фирма со издадеа Потврда бр.372/23 година. Во училиштето има 8 обучени наставници, кои поседуваат Уверение за давање прва помош на учениците, при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт – План за евакуација, со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Училиштето последната симулациска вежба ја има извршено на ден 28.09.2021 година.

Училишниот имот е осигуран, за што училиштето поседува Полиса бр.0001464/2024 година, за осигурување на имотот од пожар и некои други опасности, издадена од ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, за период од 13.0.2024 година до 13.04.2025 година, Полиса бр.0001466/2024 ГОДИНА за осигурување на стакло на градежен објект, за период од 13.04.2024 година до 13.04.2025 година, издадена од ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје. Исто така, училиштето поседува и Полиса бр.080000035683, за осигурување на 51 лице од вработените, за период од 01.10.2023 година до 01.10.2024 година, издадена од Триглав Осигурување АД Скопје, Полиса бр.010010241763, Полиса бр.010010260521, Полиса бр.010010245861 и Полиса бр.010010243945 за осигурување на 858 ученици, за период од 05.10.2023 година до 05.10.2024 година, издадена од КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје.

Училиштето има пишан документ – Протокол за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запоставување во училиште и со содржината на истиот се запознаени наставниците, учениците и родителите. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Протоколот за постапување, од страна на вработените, доследно се реализира и применува. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и доколку има потреба, училиштето навремено известува соодветни надлежни институции, како Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и Здравствените установи.

Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Во училиштето, има физичко обезбедување од агенција, финансирано од основачот. Во училиштето се спроведуваат редовни дежурства од страна на наставниците и учениците.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци. Во училиштето има поставено апликации за забрана на истите, но во недоволна мера. Раководителите на паралелките во рамките на одделенските часови, ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите. Забраната од пушење се почитува од сите вработени. Во соработка со локалната заедница, министерството за внатрешни работи и општината, училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.

Училиштето има Инклузивен тим на училиште и пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите и со другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Влезот во училиштето и внатрешниот простор во холот, со пристапна рампа е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Во училиштето има лифт, кој не е функција и прилагоден тоалет за ученици со телесни пречки во развојот. Во училиштето, во последните три учебни години има двајца ученици со физичка попреченост.

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности, кои што бараат вложување дополнителни средства. За ваквите ученици, училиштето по потреба организира хуманитарни акции и обезбедува донации. За таа цел училиштето соработува со родителите и локалната заедница.

## 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Училиштето редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, за што поседува уредна документација.

Училиштето воспитно делува, учениците да ја одржуваат личната хигиена. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по два пати во секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и редовно се одржува. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед е извршен во ПЗУ Медика - Неуромедика – Скопје, во месец Март и месец Април 2023 година, за што училиштето поседува Извештај со бр.04-560/1 од 16.05.2023 година.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција, во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во соработка со здравствени институции, секоја година се организира вакцинација и систематски прегледи на учениците и за нив се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Стручните соработници се обучени за давање помош на учениците и родителите во вакви ситуации и истите по потреба даваат насоки за посетување на соодветни надлеждни институции.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето на учениците навремено им обезбедува точни информации за можностите за понатамошно образование. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на образованието опфаќа информација за високо - образовните установи. За профисионална ориентација од страна училиштето редовно се информираат родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на раководителите на парачлелки и стручната служба, но не опфаќа самооценување на вештините и интересите на учениците и помош во изработката на кратка биографија. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од содветна институција, па поради тоа училиштето во моментот нема обврска да работи на професионална оринтација со такви ученици. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што може да ја добијат преку усни соопштенија, најчесто на родителски средби и преку Совет на родители.

### 4.4. Следење на напредокот

Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението. Во евиденцијата се внесени податоци за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка, направена од страна на наставниците. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, раководителите на паралелки, предметните наставници и родителите, во однос на постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовно извештаи и анализи по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручната служба и раководниот кадар на понатамошна обработка и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

СЕПУГС„Арсени Јовков“– Скопје е безбедно училиште кое се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, младинскиот активизам, но не поттикнува доволно активности за учество на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива добар респект кај родителите.

Училиштето има Кодекс за однесување, во кои се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, на наставниците и стручните соработници и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето во состав на Кодексите на однесување, има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со истиот. Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето, а тоа се гледа од нивното однесување со учениците, вработените и родителите.

Наставниците добро се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на настава и вонннаставните активности. Во училиштето има распоред и дежурства на наставници и ученици во двете смени. Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана Ученичка заедница, истата учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Учениците навремено и целосно се информирани од Ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за граѓанско учество делумно се иницираат, планираат и реализираат од страна на учениците, односно од ученичка заедница во согласност со Програмата за работа на ученичката заедница. Во последните три учебни години постојат мал број на реализирани активности на младински активизам.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигања на учениците, преку доделувања пофалници на патрониот празник.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Постигањата на учениците се вршат преку разни форми, интерно и на социјалните мрежи, а се промовираат индивидуални и групни постигања на учениците. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница, а истата ја доделува основачот, Град Скопје. Постигањата на учениците не се истакнати на видно место во училиштето. Училиштето развива политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и во зависност од можностите училиштето ги наградува учениците што постигнале успех. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето, вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето, се запознати со правата на децата. Во училниците и холот на училиштето, во моментот на интегралната евалуација не се истакнати изработки од работилници, организирани во контекст на правата на децата.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалната припадност и интелектуалните разлики. Училиштето ги

вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата. Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието. Учениците, преку реализирани работилници, се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и друго. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Заради негување на мултикултурализмот во училиштето се планираат, организираат и реализираат заеднички наставни и воннаставни активности со партнер училиштето СОУ„Јосиф Јосифовск“ од Гевгелија.

### 5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

Соработката со родителите се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поеднечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку членови на Училишен одбор - претставници од родители и приемен ден за родители.

Училиштето вложува напори за поттикнување на родителите да се вклучат во теми, како што се обемноста на наставните планови и програми, советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии, но нивниот интерес е мал. Комуникацијата на родителите во училиштето се остварува и преку приемен ден и Е -дневникот. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор. Процедурите обезбедуваат во составот на училишните органи, застапеност на родители како членови кои се од различни етнички заедници.

Училиштето делумно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница, односно недоволно се реализираат заеднички проекти, активности и настани, кои се од интерес на заедницата. Училиштето, недоволно го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата. Училиштето промовира меѓуетничка интеграција во образованието во пошироката средина.

Училиштето остварува соработка со деловната заедница, само преку вклучување на учениците во работа со учење, најчесто со адвокатски канцеларии, нотарски канцелари, банки и акционерски друштва.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Сместување и просторни капацитет

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Постојат просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање на воннаставни активности за учениците.

Училишната зграда е од тврда градба, изградена во 1971 година, со вкупна површина од 7 033 м$^{2}$. Училишниот објект се состои од приземје, два ката, подрумски простории и фискултарна сала. Училишниот двор е со површина од 13 300 м$^{2}$, а во состав на истиот 1 750 м$^{2}$ се спортски терени. Училишната зграда има пристапни рампи за влез на ученици со телесни пречки во развојот, има лифт кој не е во функција и има приспособен тоалет за истите ученици.

Во учебната 2023/2024 година, училиштето го посетуваат вкупно 880 ученици од I до IV година, распоредени во 42 паралелки.

Училиштето располага со 28 училници, 1 библиотека, 7 кабинети, 1 кабинет – правна клиника, 11 канцеларии, 1 работилница, 1 фискултурна сала со 3 соблекувални за ученици и 2 помошни простории за наставници, 8 мали помошни простории, 9 санитарни јазли за ученици и 2 санитарни јазли за наставници, 1 котлара, 1 потстаница со плински котли, 2 скривници и 1 просторија за технички персонал.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2. Наставните средства и материјали

Училиштето располага со наставни средства и помагала по сите наставни предмети кои соодветствуваат на современи наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање, но истите ефективно и ефикасно не ги користат во наставата и учењето. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи и книги и дополнителна стручна литература и истите согласно можностите во континуитет се надополнуваат.

Учењето и наставата не се доволно збогатени преку планирано користење на ИКТ, иако училиштето располага со 7 Смарт табли, 110 функционални лаптоп компјутери и 13 мобилни ЛЦД проектори. Училиштето не располага со асистивна ИКТ технологија, а во моментот на интегралната евалуација нема ученик кој има потреба од истата.

Училишната библиотека располага вкупно со 24 836 книги. Од нив 16 963 се лектири, 200 се стручна литература, 6 000 се книги по жанрови, 1 500 се литература на странски јазик и 200 се литература за изборните јазици. Библиотеката е уредена, располага со лаптоп - компјутер, има пристап до интернет, но се води електронски библиотечна евиденција. Во библиотеката за издадените и вратени книги се води евиденција во инвентарна книга.

Библиотечниот фонд делумно ги задоволуваат потребите на учениците, наставиците и стручните соработници, особено потребите на книги на албански јазик. Библиотеката работи од 07:30 до 15:30 часот.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има вработено доволен број на наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставата во училиштето ја реализираат 101 наставник, кои се вработени во училиштето и 3 наставници кои дополнуваат во училиштето, а се вработени со матичност во други училишта. Според образовниот профил 93 наставници се со високо образование, 2 наставници се со магистарски студии и 6 наставници се со несоодветно образование. Наставниците кои се со несоодветно образование, примени се на работно место наставник како единствени пријавени кандидати на регуларно објавен јавен оглас за прием на наставници, на определено работно време, на почетокот на учебната 2023/2024 година. На неопределено работно време се 86 наставници, а 15 наставници се на одределено работно време. Според полот 78 од наставниците се жени и 23 од наставниците се мажи. Според етничката припадност 40 наставници се Македонци, 60 наставници се Албанци и 1 наставник е Влав. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручните соработници и административно - техничкиот персонал.

Наставниците работат како тим во рамки на 6 стручните активи. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето користи механизми за обезбедување замена, но надлежните инстутуции навремено не обезбедуваат согласности за ангажирање на заменски наставници.

Мал дел од наставници и стручните соработници, се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Во училиштето после секоја обука, постои практика да се врши дисеминација на базичната обука за новоотворените наставници и стручни соработници.

Училиштето има договорна процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. Во училиштето има еден наставник – приправник, по наставниот предмет Психологија, кој е со матичност во училиштето, а одреден му е ментор, без звање, од друго средно училиште и истиот реализира настава по наставниот предмет Психологија и има повеќе од седум години работен стаж како наставник.

Училиштето има 5 стручни соработници и тоа 3 педагози, од кој еден е со пола работно време, 1 психолог и 1 библиотекар. Стручните соработници им даваат поддршка на наставниците во реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и им даваат советодавна помош за работа со учениците. Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за подобрување на соработката на учениците и наставниците.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој. Училиштето на основа на личните планови, на наставниците ги идентификува потребите и изготвува Програма за професионален развој, при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници. Училиштето има добра пракса за дисеминирање на искуствата, стекнати од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за меѓуетничка интеграција и граѓански активизам. Училиштето поседува документација од која може да се види следењето на професионалниот развој и истата е ажурирана во портфолија за професионален развој на наставниците.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, во согласност со можностите и понудените обуки.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето, за училишниот буџет и за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор на крајот од првото полугодие и на крајот од годината добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

# 7. Управување, раководење и креирање политика

## 7.1. Управување/ раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведена под бр.03-1828/5 од 06.10.2023 г. Годишната програма за работа на училиштето заведена под бр.02-1551/1 од 31.08.2023 година содржи посебна програма за работа на Училишниот одбор. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во 2023 година има реализирано обука за членовите на училишниот одбор, за што сведочат и добиените сертификати од истото. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето. Самиот претседател на училишен одбор е правник по професија, додека за сите останати прашања од областа на образованието соработката е остварена од раководниот орган и стручната служба. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Училишниот одбор се свикува со електронска покана и обезбедени материјали за работа на состаноците.

Раководен орган во училиштето е Вршител на должност Директор со Решение бр.03-127/1 од 25.01. 2024 година на Градоначалникот на Град Скопје, со претходно искуство за в.д. директор од 6 месеци. Сеуште не е започната постапката за избор на директор на училиштето. Истиот поседува Уверение бр.11-110/3 од 20.02.2024 година за положен испит за директор.

За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Директорот има добра соработка со вработените, користи различни идеи и искуства во спроведување на активностите. Работењето е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор. Соработката со Градот Скопје е на делумно задоволувачко ниво. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на условите во училиштето со акцент на оптимално обезбедување на икт опрема со цел подобрување на наставниот процес, снабдување со

нагледни наставни средства за потребите на наставниците и учениците во наставата, вклучување на наставниците во обуки, советувања и семинари за подобрување на реализацијата на воспитно образовниот процес, реализација на стратешките цели од програмата за развој, подршка на ученичкиот парламент и обезбедување на поактивно вклучување на учениците во области кои се во нивен интерес, подршка и активно учество во спроведувањето на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието како и негување на мултикултурализмот во училиштето. До сега е реализирано дел од планираните активности во програмата за развој со запазување на временската рамка. Раководењето на директорот се заснива на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање, реализација и евалуација на севкупните активности. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и граѓански активизам.

### 7.2. Креирање на образовната политика

Целите на училиштето, како и мисијата и визијата на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната, образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.

Вработените, родителите и учениците запознаени се со мисијата и визијата, активно учествуваат во креирањето на истото и се прават напори за нивно остварување. При донесување на програмските документи на училиштето се почитуваат законските процедури, но во училиштето нема пропишани процедури за донесување на училишни политики. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Дефинираните стратешки цели во развојната програма за подобрување на работата во училиштето за 4 години фокусот ја имаат добросостојбата на учениците. Наставниот процес треба да овозможи тие да се развиваат во критички мисловни субјекти и активни учесници во граѓанското општество и пазарот на трудот. Преку планот за развој се прават напори и креираат алатки и механизми за инкорпорирање на генеричките компетенции – за критичко мислење и носење аргументирани одлуки и подобрување на стручните компетенции за решавање проблеми и примена на знаења во реални практични ситуации.

За реализација на целите ВД Директорот како законски претставник на училиштето соработува со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Државниот испитен центар, Државен просветен инспекторат, како и со локалната и деловната заедница во општината и други органи на државната управа и субјекти кои се од интерес за успешното работење на училиштето.

## 8. Наоди и препораки

## 8.1. Силни страни

- Училиштето има опремен кабинет за реализација на симулација на судење „Правна клиника“;
- Училиштето соработува со голем број компании и институции за реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална практика;
- Поголем број активности при реализација на МИО;
- Добра севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените;
- Односите во училиштето меѓу учениците и сите вработени се добри и коректни;
- Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво.
- Училиштето ги зема во предвид мислењата и сугестиите на родителите;

## 8.2. Слаби страни

- Реткосе реализира додатна настава;
- Ученици со слаби оценки недоволно се вклучени во дополнителна настава;
- Недоволно користење на смарт таблите кои се на располагање;
- Потреба на наставниците од обука за користење на смарт табла;
- Незаинтересираност на родителите на советувањата;
- Најголем број на часови не се интерактивни и се реализираат фронтално;
- Учењето и наставата не се доволно збогатени преку планирано користење на ИКТ и покрај тоа што училиштето располага со ИКТ ресурси;
- Хидрантската мрежа во училиштето не го задоволува потребниот притисок и во училиштето последните три учебни години не е извршена симулациска вежба;
- Училиштето недоволно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница, многу малку го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата;
- Мал дел од наставниците и стручните соработници, се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Во библиотеката за издадените и вратени книги се води евиденција во инвентарна книга и бројот на наслови на книги не ги задоволуваат потребите на учениците, наставиците и стручната служба, на албански јазик
- Во училиштето во многу мал број има истакнато знаци за забрана за пушење и употреба на наркотични средства;

## 8.3. Препораки

- Да се реализира додатна настава;
- Да се реализира дополнителна настава со сите ученици кои имаат послаби постигања согласно Закон;
- Да се користат смарт таблите во наставниот процес;
- Да се реализира обука за наставниците кои не знаат да ја користат смарт таблата;
- Да се покренат мерки и активности за вклучуваењ на родителите на советување;

- Во наставниот процес да се застапат интерактивни форми и методи за обезбедување на интерактивност со учениците;
- Училиштето да преземе мерки и активности за збогатување на наставата со планирано користење на ИКТ;
- Училиштето да преземе мерки и активности за ставање во нормална функија на потребниот притисок на хидрантската мрежа, како и активности за организирање и спроведување на симулациска вежба;
- Училиштето да преземе активности за поголема вклученост во животот на општината и урбаната заедница, со цел за унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата;

- Да се преземат активности, наставниците и стручните соработници, да се обучат за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Во библиотеката да се води електронска евиденција за издадени и вратени книги и да се преземат активности за зголемување на бројот на наслови на книги на албански јазик;
- Да се истакнат во просториите на училиштето повеќе знаци за забрана за пушење и употреба на наркотични средства;

| | |
|---|---|
| Afrim Saliu, Раководител на инспекциски тим – главен инспектор | |
| Нада Николова, член на инспекциски тим | |
| Хермина Николовска , член на инспекциски тим | |